РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 22. 09. 2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 3566/1 | | |

Архивски знак 0906
Рок на чување ТРАЈНО
22.09.2011

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **македонски јазик** за IV одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**IV ОДДЕЛЕНИЕ**

# 1. ВОВЕД

Наставата по предметот македонски јазик на учениците им овозможува да развиваат интерес за запознавање и применување на македонскиот јазик, како основно средство за комуникација, за учење, за уметничко изразување, за запознавање на јазикот како најкарактеристичен белег на националниот идентитет. Преку наставата по македонски јазик се развиваат способностите за слушање, читање, пишување, усно и писмено изразување, сфаќање, доживување и толкување на литературните и други текстови.

Овој наставен предмет создава основа за стекнување знаења и од други наставни предмети затоа што преку практиката на воспитно-образовната работа по овој предмет се оперира со интегрално поврзаните процеси: мислење-говор-читање со разбирање. Со примена на интегрално поврзаните процеси во наставата по предметот македонски јазик учениците стекнуваат способности да ги користат содржините од останатите наставни предмети кои ги изучуваат.

Учениците преку оваа настава ќе се запознаат со структурата и системот на македонскиот стандарден јазик, и на сите нивоа ќе ја усвојуваат и ќе ја применуваат стандарднојазичната норма (фонетско-фонолошка, морфолошка, синтаксичка, лексичка, правописна и ортоепска).

Според наставниот план за македонски јазик во IV одделение се планирани по 5 часа неделно, односно 180 наставни часа годишно.

Наставниот предмет македонски јазик во наставниот план има статус на задолжителен наставен предмет.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да развива социјален и личен идентитет преку анализа на книжевни текстови;
- да се оспособува за усно и писмено изразување;
- да го збогатува речникот;
- да усвојува поими, содржини и правила од граматиката, правоговорот и правописот на македонскиот литературен јазик;
- да ја запознава функцијата на зборовите и нивната примена во усното и писменото комуницирање;
- да се оспособува да чита со разбирање текстови со различна содржина, сложеност и од различни извори;
- да распознава и применува разни функционални стилови во говорното и писменото изразување (разговорен, административен, новинарски, поетски, научно - популарен и научен стил на изразување);
- да чита и анализира текстови од уметничка и народна литература соодветна на возраста;
- да анализира книжевно дело соодветно на возраста применувајќи ги основните теоретски поими (строфа, стих, рима, лик, дејство);
- да користи разни форми на писмено изразување (креативни текстови; текстови за практична намена);
- да се поттикнува да користи книги и друг вид литература од библиотеките и од други извори;
- да се воведува во интерпретирање и вреднување литературни, сценски, филмски остварувања и друг вид на медиумска продукција;
- да развива свест за значењето на мирот, толеранцијата и соработката меѓу луѓето од различни култури.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да разликува народен говор (дијалекти) наспроти стандарден јазик;
- да чита со разбирање различни текстови;
- да користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- да користи именки, придавки, главни броеви и глаголи во усното и писменото изразување;
- да користи елементарни граматички и правописни норми при читањето и пишувањето;
- да чита и прераскажува литературни дела од народната и уметничката литература соодветна на возраста;
- да се оспособи да раскажува усно и писмено на стандарден јазик;
- да користи различни форми на писмено изразување (текст за: честитка, покана и сл.);
- да составува прашања по дадени одговори;
- да учествува во разговор во кој искажува доживувања, чувства и факти;
- да го збогатува речникот;
- да развива чувство на припадност кон својата и почит кон другите култури;
- да се оспособи да следи информација од различни медиуми и да пренесува кратки информации;
- да се оспособи да применува ИКТ во функција на наставниот предмет.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да усвои поим за самогласки и согласки;<br>➢ да се оспособи да ги разликува самогласки и согласки;<br>➢ да се оспособи да го дели зборот на слогови;<br>➢ да го усвои поимот за именки;<br>➢ да го разликува и правилно да го применува родот кај именките во усниот и писмениот говор; | Поим за самогласки и согласки<br><br>Поделба на зборот на слогови (според правилата во македонскиот јазик)<br><br>Именки | Самогласки<br>Согласки<br>Слог<br>Имиња на предмети и лица<br>Род кај именките<br>Број кај именките<br>Придавки: описни<br>Личната заменка ЈАС<br>Поим за глаголи<br>Броеви (приближна бројност)<br>Употреба на голема буква<br>Приближна бројност<br>Повеќецифре-ни броеви | ▪ Вежби за разликување на самогласките и согласките (нивно правилно изговарање и пишување).<br>▪ *Вежба:* Учениците треба да подредат карти со букви од азбуката-самогласките ќе бидат на сини картички, а согласките на црвени картички. Треба да ја прочитаат азбуката, а потоа да ги издвојат сините картички и да ги сместат во сина кутија на која пишува самогласки, а црвените да ги соберат во црвена кутија на која пишува согласки.<br>▪ *Вежба*: Учениците добиваат листа на зборови (може да се запише и на табла). Нивна задача е во добиените зборови да ги заокружат самогласките со сина боја, а согласките со црвена боја, а потоа, доколку учениците имаат говор, да ги кажуваат гласно и да откријат на кои гласови во изговорот наидуваат на определени пречки.<br>▪ *Вежба*: Учениците добиваат листа на зборови кои треба да ги составаат од картичките (самогласките се сини, а согласките црвени), а потоа да ги препишат во тетратка со соодветните бои. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да разликува број кај именките;<br><br>➢ да се оспособи правилно да го применува бројот кај именките во усниот и писмениот говор;<br><br>➢ да го усвои поимот за описни придавки и правилно да ги применува во усниот и писмениот говор;<br><br>➢ да го усвои поимот за заменка како збор кој заменува лице;<br><br>➢ да се запознае со поимот глагол;<br><br>➢ да усвојува поим за приближна бројност и да ја употребува во усниот и писмениот говор; | Род кај именките<br><br>Број кај именките | | ▪ *Вежба:* Учениците со сина и црвена боичка ги заокружуваат согласките и самогласките во зборовите кои означуваат предмети и појави од секојдневниот живот-прават групи зборови: инвентар во училницата-маса, столче, табла, храна-сирење, кашкавал, јајца, леб...; итн.).<br>▪ Вежби за определување на бројот на слоговите во зборот со тактирање при изговарањето.<br>▪ Синтетички вежби за составување зборови со понудени слогови.<br>▪ Вежба: листа на зборови (може и да се запишани на табла) со различен број слогови-во секој збор да го определат бројот на слоговите, при што на секој слог одозгора ќе запишат број.<br>▪ Вежби за препознавање на именките во реченицата (имиња на предмети и лица).<br>▪ *Вежба*: именување на предмети, животни, храна, облека и сл., а во реченици самостојно или со помош да ги пронаоѓаат именките.<br>▪ *Вежба:* Кажување лични имиња, во реченица ги пронаоѓаат и ги заокружуваат личните имиња-самостојно или со помош.<br>▪ Вежби за утврдување на родот кај именките-со помош на наставникот-насочени прашања-родот го поврзуваат со одредена боја-машки род сина, женски род црвена, а среден род со жолта боја. Зборовите се напишани на хартија во боја-да ги класифицираат според бојата, а потоа, со помош на наставникот да го откријат родот на именките.<br>▪ Вежби за утврдување на бројот кај именките-прашања од страна на наставникот од типот: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да ги усвојува правописните правила за правилно пишување голема буква (во тетратка);<br><br>➢ да го усвојува правилното пишување на приближна бројност и повеќецифрени броеви со зборови. | | | (дали е едно или се повеќе?).<br>▪ Вежби за правилна примена на бројот кај именките.<br>▪ Вежба: Учениците добиваат задача да именуваат сѐ што гледаат во училницата и да изројат по колку примероци има од секој премет што го виделе.<br>▪ Напишани именки треба да подредат во колони кои определуваат дали именуваниот предмет е во еднина или во множина (на пр., колоната за еднина е во зелена боја, а колоната за множина во жолта боја-одредуваат дали предметот кој го именувале е само еден или го има во повеќе примероци.<br>▪ Учениците добиваат по 2 реченици напишани на лист-именката треба да ја обојат со зелена или жолта боја во зависност од тоа дали е во еднина или множина-самостојно или со помош на наставникот.<br>▪ Вежби за разликување на описните придавки.<br>▪ Вежби за правилна употреба на описните придавки во реченицата.<br>▪ Вежба: Наставникот на табла запишува 3-4 реченици при што внимава во речениците да има повеќе описни придавки.<br>▪ Учениците добиваат задача во своите тетратки да ги препишат придавките кои ги препознаваат во речениците.<br>▪ Наставникот преку поставување на прашањето Какво е....? Каква е....? Каков е....? им ги открива придавките на учениците. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ▪ Наставникот им дава ливчиња со придавки и некомплетни реченици, а тие треба да ја дополнат реченицата со соодветен збор.<br>▪ Вежби за препознавање на личната заменка „јас'' и нејзина употреба во говорот (насочени прашања од страна на наставникот).<br>▪ Вежби за препознавање на глаголите (кој збор означува работа?)-насочени прашања од страна на наставникот-глаголите да се поврзат со симбол кој ќе ги асоцира учениците, на пример-топката означува движење, активност и сл.<br>▪ *Вежба:* учениците добиваат зборови напишани на ливчиња, ги читаат еден по еден-зборовите кои означуваат движење ги ставаат во касичка-топка, а останатите во касичка-коцка.<br>▪ Вежби за разликување на броевите за приближна бројност.<br>▪ Вежби за правилно пишување на броевите за приближна бројност.<br>▪ *Вежба:* Учениците добиваат задача да го запишат точниот број на столчиња во училницата и приближниот број на прозорци.<br>▪ Вежби за правилно пишување голема буква на почетокот на реченицата-во означено големо квадратче се пишува големата буква. Истата вежба може да се примени за пишување на личните имиња-ограничување на просторот со квадратчиња.<br>▪ Вежби за правилно пишување на повеќецифрени броеви со зборови преку поврзување со картички со цифри. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да считува слогови и зборови;<br><br>➢ да чита кратки текстови; | Считување<br>Читање кратки текстови на одредена тема | Считување слогови и зборови<br><br>Читање | ▪ Вежби за поврзување на гласовите во слогови и слоговите во зборови-считување преку материјал изработен од пластифицирани картички со букви кои се лепат- составува збор преку нивно лепење на лента. Потоа се покриваат со парче хартија (која може да биде животно со отворена уста) и се откриваат постепено со движење од лево кон десно со гласно считување на буквите.<br>▪ Вежби за читање куси текстови поврзани со слики (најмногу до 4 слики со по 1 реченица). Откако ќе ги погледнат сликите без текст, на нив се прикачуваат напишани реченици соодветни на сликите-можат самостојно да ја повторат вежбата (да наместат реченици на сликата и да ги прочитаат).<br>*Препорака: наставникот да составува куси текстови по слика со исти ликови кои се поставени и делуваат во различни ситуации (учениците со аутизам полесно ги прифаќаат веќе познатите ликови, а потешко се адаптираат на промени).<br>▪ *Вежба:* учениците кои имаат проблем во говорот, а го познаваат значењето на сликите и визуелно ги препознаваат зборовите можат да користат електронска „Говорна табла". |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да препишува кратки текстови или делови од текстови;<br><br>➢ да прераскажува кратки текстови. | Препишување кратки текстови или делови од текстови<br><br>Писмено прераска-жување на кратки текстови | Препишување<br><br>Прераска-жување | ▪ Вежби за препишување кратки текстови, зададени на наставно ливче или директно во тетратка.<br>▪ Вежби за препишување на кратки текстови од тетратка, наставно ливче или учебник на компјутер.<br>▪ Вежби за прераскажување кратки текстови поврзани со слики (најмногу до 4 слики со по 1 реченица), при што прераскажувањето ќе се врши преку директно одговарање на веќе поставените прашања.<br>▪ *Вежба:* Писмено прераскажување на краток текст преку одговарање на прашања на компјутер.<br>▪ *Вежба:* Учениците кои имаат проблем во говорот, а го познаваат значењето на сликите и визуелно ги препознаваат зборовите можат да користат електронска „Говорна табла" за прераскажување на изучените кратки текстови. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да следи различни видови на ТВ-емисии;<br>➢ да се поттикнува да води разговор по телефон. | ТВ-емисии (според интересот)<br>Телефонски разговор | ТВ-емисии<br>Телефонски разговор | ▪ Следење ТВ-емисии според интересите на ученикот/ученичката (документарни, емисии за животни, емисии за подготвување храна, народни приказни итн.) и нивно прераскажување преку конкретно одговарање на прашања.<br>▪ I *вежба:* Следење телефонски разговор на видеопроекција или во живо.<br>▪ II *вежба:* Презентирање и вежбање на начинот на разговор на телефон преку слики (постапно).<br>▪ III *вежба* Разговор на телефон. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма по предметот македонски јазик овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: природа, општество, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование.

Поради тоа што голем дел од учениците со аутизам имаат проблем при говорното изразување и говорната комуникација во работата по македонски јазик (но, и по другите наставни предмети) пожелно е да се воведат алтернативни облици на комуникација кои ќе придонесат за полесно совладување на содржините (воведување на компјутер или на електронска говорна табла).

Учениците со аутизам имаат тенденција да се повлечат и да не учат од социјалните интеракции меѓу возрасен и дете. Поради тоа, потребно е да се обезбеди соодветна, прифатлива средина за да се избегне повлекување на ученикот/ученичката. Многу е значајна стимулацијата на позитивното однесување преку поддршка и игнорирање, како и пренасочувањето на негативното однесување (напомена: и наградата и казната претставуваат поддршка на однесувањето). Голем број од учениците со аутизам немаат способности за потполно и точно разбирање на налозите/задачите кои им се поставуваат, затоа на почетокот реализацијата на планираните активности треба да се применува индивидуализиран пристап. Наученото најчесто е ограничено само на контекстот во кој е учено и затоа потребно е да се практикува (секојпат кога е можно) учење во природна средина (кога се изучува одредена појава или пак треба да се разреши некој проблем).

Учениците со аутизам учат механички, без разбирање на смислата, поради што читањето и прераскажувањето на текстови за нив претставува голем проблем. Секоја ситуација која е поврзана со раскажување мора да биде поткрепена со поставување на конкретни, насочени прашања. Неопходно е да се врши перманентна проценка на стекнатите знаења на учениците, но и да се посветува внимание на смислата и функционалноста на наученото особено ако се има во вид нивната склоност на регрес (ригидно и стереотипно однесување при учењето нови содржини, вештини и навики-учење со постапни, мали чекори).

За успешна реализација на воспитно-образовниот процес со учениците со аутизам потребно е (со фокусирана индивидуализирана опсервација) одредување на формите, нивоата и начините на комуникација на релација ученик-наставник, а активностите се организираат во зависност од сознанијата стекнати во текот на опсервацијата. Откако ученикот/ученичката ќе започне да комуницира-разменува треба да се започне со процесот на структуирање на околината (одредување на местото на седење за одредена активност, одредување на местото на материјалите за работа и техниката итн.), а потоа со подготовка на распореди и подготовка на системи за индивидуална работа со цел-осамостојување на ученикот/ученичката при работата. Треба да се напомене дека исклучително важно е почитувањето на индивидуалниот распоред на активности на секој ученик/ученичка.

Во планирањето на индивидуалните активности (заради успешно реализирање на наставната програма) предвид се земаат способноста на ученикот, нивото на развој , како и специјалниот интерес за одредени активности, содржини или предмети (кои треба да се искористат како стимулатори за усвојување на нови знаења и вештини).

Наставни средства:

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- читанка;
- енциклопедии, речници и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија;
- аудио-визуелни средства и други средства, ЦД-плеер и др.;
- други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, нацинални паркови итн.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

### ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување на предзнаењата на учениците со цел да ја спознае состојбата таква каква што е, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Дијагностичкото проверување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти како што се: дијагностички тестови, со усни прашања подготвени од наставникот, со усни прашања подготвени од учениците, со пишување кратки состави.

Добиените одговори се слика на ученичките предзнаења во најширока смисла на зборот и претставуваат основа за планирањата за реализацијата на наставната програма и процесот на оценување во текот на наставната година.

## ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ

Во текот на наставата по македонски јазик во четврто одделение се препорачува формативно следење кое ќе овозможи формирање на објективни описи како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период. Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да го реализира со користење на соодветни методи и постапки:

- разговори наставник/ученик;
- усни презентации;
- тестови;
- домашни работи;
- портфолио-собирање на показатели (детски кзработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно.

  - Портфолиото треба во текот на целата година да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик.
  - Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

Добиените резултати од следењето на постигањата на учениците овозможуваат креирање на планирани усни и пишани повратни информации кои во форма на креирани описи се наменети за учениците, за родителите и за самите наставници. На крајот од секое тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување од чиишто резултати се оформуваат тримесечните описни вреднувања за постигањата на учениците.

**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ**
Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето, проверката на постигањата на учениците во текот на реализацијата наставната програма наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

Од формираните сумативните описни оценки формулирани за секој ученик посебно раководејќи се од поставените нивоа на постигања во тек определени временски периоди наставникот на крај од учебната година внесува соодветни нумерички оценки.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II, III, IV одделение и за наставните средства за IV одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по македонски јазик во четврто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието-Скопје
**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието-Скопје

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по македонски јазик за четврто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4492/84
Скопје 19.08.2011 год.
СКОПЈЕ

на ден ------------------------------------

Министер,

м-р Панче Кралев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ